Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: 03.08.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0304 | 213/1 | | |

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-65**
**Датум: 26.07.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: одговорно лице, директор | Телефон: | Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>**2. ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 15.07.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 9.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 26.07.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Национална установа – Скопје | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | [redacted] |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Налогот од министерката за култура, бр. 57-65 од 14.07.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа – [redacted]“, Скопје **(во натамошниот текст: Вардар филм)** во 2021 г. и 2022 г., од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, за реализација на Годишната програма за работа на Установата за 2021 и 2022 година, согласно со истиот закон.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], директор | [redacted] | |

8.)При вонредниот инспекциски надзор присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| [redacted] | Самостоен референт - сметководител |
| | Стручен соработник за филмска дејност |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 44-3937/2 од 13.04.2021 г., [redacted] е избран за директор на Вардар филм, со мандат од 4 години. Претходно, со Решение на заменик-министерот за култура бр. 03-1303/2 од 29.01.2021 г. за вршител на должноста директор на Установата била именувана [redacted], откако со Решение на заменик-министерот за култура бр. 03-1303/1 од 29.01.2021 г. бил резрешен дотогашниот директор на Вардар филм, [redacted].

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, директорот на Вардар филм до МК има доставувано извештаи за остварување на годишната програма за работа на установата на секои шест месеци и тоа бр. 03-204 од 06.07.2021 г. (примен во МК на 06.07.2021 г.), бр. 0102-10 од 05.01.2022 г. (примен во МК на 05.01.2022 г.) и бр. 0102-190/1 од 05.07.2022 г. (примен во МК на 06.07.2022 г.).

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, Вардар филм доставил до МК Извештај за реализација на годишната програма за работа на Установата, односно за материјалните трошоци направени во 2021 г. (затоа што од страна на МК не е финансиран ниту еден проект на Установата во 2021 г.), бр. 05-358 од 09.12.2021 г., којшто е заведен во МК под бр. 19-14073/1 од 10.12.2021 година. (Врз основа на Извештајот направен е Анекс на Договорот со МК со којшто е намален износот на материјалните трошоци за 2021 г.).

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Вардар филм до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2022 година под бр. 03-198 од 30.06.2021 г. (примен во МК на 30.06.2021 г.), а за којашто од страна на УО има дадено согласност, бр. 02-200/2 од 30.06.2021 г., што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата. Вардар филм до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 0102-182/1 од 29.06.2022 г. (примен во МК на 30.06.2021 г.), а за којашто од страна на УО има дадено согласност, бр. 0202-55/2 од 28.03.2022 година.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањето на решението на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека министерот за култура донел Решение за проектите од национален интерес во културата на Вардар филм за 2022 г., бр. УП1 19-182/2021 од 03.02.2022 г., а Вардар филм донел Годишна програма за работа, бр. 0102-56 од 23.02.2022 година.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија во 2021 г.

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2021 г. финансирана е дејноста на Вардар филм со средства во вкупен износ од **3.087.696** денари.
Исто така, во 2021 г. од страна на МК се преведени и **20.000** денари за преостанати обврски од 2020 г. и тоа за проект од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн.

Средствата за 2021 г., во вкупен износ од **3.087.696** денари се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** — **2.478.998 денари**
- **материјални трошоци** — **489.200 денари**
- **топлинска енергија** — **119.498 денари**

Според Банковиот извод бр. 31 од 23.12.2021 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Вардар филм изнесувало 38.130 денари, од коишто 22.112 денари од средствата за топлинска енергија, 15.758 денари од средствата за проект од 2020 г., 227 денари од материјални трошоци и 33 денари од средствата за плати и придонеси, коишто на 31.12.2021 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Вардар филм за 2021 година од областа на филмската дејност, бр. 19-3057/1 од 25.03.2021 г. и анекс-договорите бр. 19-3057/6 од 10.12.2021 г. и бр. 19-3057/18 од 22.12.2021 г., на Вардар филм му се преведени средства во износ од 489.200 денари за материјални трошоци за работа на установата. Истовремено, од програма 84 за исплата на топлинска енергија кон Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје, на Вардар филм му се исплатени 119.498 денари.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Средствата за материјални трошоци и за топлинска енергија се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци за работа на установата | 489.200 | 488.973* | - Трошоци по договори за дело со повеќе лица (за правни работи, организационо-технички работи, архивско работење, јавни набавки и сл.), за мобилни и фиксен телефон, електрична енергија, за комунални услуги, вода, одржување на компјутери, гориво, потрошен материјал, храна и пијалаци, угостителски услуги, материјали за хигиена и сл. -Платено по повеќе банковни изводи и фискални сметки |
| 2. | Толинска енергија | 119.498 | 97.386 | -Трошоци по 6 фактури од Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје -22.112 денари вратени во Буџет |
| **Вкупно:** | | **608.698 денари** | **586.359 денари** | **-22.339 денари вратени во Буџет** |

*Во текот на 2021 г., од буџетската сметка на Вардар филм, по грешка, се уплатени 120.000 денари на дебитната картичка на Установата во Стопанска банка (Банковен извод бр. 10 од 06.07.2021 г.). Тоа е картичка којашто се користела најмногу при службени патувања на директорот во странство и секогаш средства се уплаќале од сопствената сметка на Вардар филм. Меѓутоа, според изјавата на сметководителката , по нејзина ненамерна грешка, горенаведената уплата место од сопствената сметка е направена од буџетската сметка на Установата. Со оглед дека трансферот веќе бил направен, во консултација со лица од соодветниот сектор во МК, договорено е, од сопствената сметка на Вардар филм да се исплатат средства за материјални трошоци за работа на Установата во истиот износ (120.000 денари). При надзорот е констатирано дека од сопствената сметка се исплатени материјални трошоци по 5 фактури и тоа за електрична енерегија, комунални услуги, одржување на компјутери и сл. (вкупно 50.992 денари) и од благајна, по фискални сметки за гориво, потрошен материјал,

патарини, ситен инвентар, средства за хигиена и сл. исплатени се вкупно 69.008 денари.

10.3. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С.Македонија во 2022 г.

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2022 г., до деновите на надзорот, финансирана е дејноста на Вардар филм со средства во вкупен износ од **2.053.956** денари.

Средствата за 2022 г. се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** **1.641.134 денари**
- **материјални трошоци** **269.800 денари**
- **парична помош** **29.839 денари**
- **топлинска енергија** **113.183 денари**

Според Банковиот извод бр. 20 од 13.07.2022 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Вардар филм до деновите на надзорот изнесувало 41.468 денари, сите од средствата за материјални трошоци за работа на установата.

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Вардар филм за 2022 година од областа на филмската дејност, бр. 20-1405/1 од 04.02.2022 г., до деновите на надзорот, односно заклучно со 18.07.2022 г., на Вардар филм му се преведени средства во износ од 299.639 денари за материјални трошоци за работа на установата. Истовремено, од програма 84 за исплата на топлинска енергија кон Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје, на Вардар филм му се исплатени 113.183 денари.

Истовремено, согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Вардар филм за 2022 година од областа на Инвестициското одржување и набавка на опрема, бр. 50-1516/1 од 07.02.2022 г., на Вардар филм му се одобрени средства во износ од 233.472 денари за поправка и тековно одржување на установата, но до деновите на надзорот сеуште не беа преведни на Вардар филм. Вардар филм спровел постапка за јавна набавка за реновирање на простории (тоалети), по што е склучен Договор бр. 0507-124/8 од 26.05.2022 г. со „Јокома ком" ДООЕЛ од Тетово на износ од 371.593 денари (со ДДВ). Притоа, согласно со Договорот

со МК, 233.472 денари треба да се исплатат од буџетската сметка, програма 84, додека остатокот од 138.121 денар ќе биде исплатен од сопствената сметка на Установата.

Средствата за материјални трошоци, парична помош и топлинска енергија се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр. | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци за работа на установата | 269.800 | 228.332 | -Трошоци по договори за дело (за правни работи, организационо-технички работи, архивско работење и сл.), за мобилни и фиксен телефон, електрична енергија, за комунални услуги, вода, одржување на компјутери, потрошен материјал, сметководствени услуги, материјали за хигиена и сл. -Платено по повеќе банковни изводи и фискални сметки |
| 2. | Парична помош | 29.839 | 29.839 | -Исплатена парична помош за починат член на потесно семејство на вработена |
| 3. | Толинска енергија | 113.183 | 113.183 | -Трошоци по 5 фактури од Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје |
| | **Вкупно:** | **412.822 денари** | **371.354 денари** | **-41.468 денари се на жиро сметка на Установата** |

Врз основа на Договор за користење на јавни комуникациски услуги, бр. 527313037 склучен на 28.12.2020 г. од страна на претходниот директор на Установата, со Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ-Скопје, Вардар филм користел 6 мобилни и еден фиксен телефон, додека врз основа на Анекс кон договорот склучен од страна на директорот на 17.12.2021 г., се користат дополнителни 3 мобилни телефони. Според изјавата на директорот 9-те мобилни телефони ги користат тој, четворицата вработени и три лица постојано ангажирани како надворешни соработници, додека последниот мобилен телефон одреден период го користело лицето ангажирано со договор за


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

дело за монтирање и проверка на опремата за колор грејдинг (корекција) и видео монтажа. Имено, горенаведената опрема Вардар филм ја набавил од сопствената сметка, со средства во износ од 2.092.288 денари, а којашто, како најсофистицирана опрема во земјата (според зборовите на присутните лица) треба да допринесе за значително проширување на работата на Установата и соработката со продуцентските куќи. По монтажата и проверката на опремата, мобилниот телефон е вратен на Вардар филм и во моментот не се користи.

За исплата на сметките за телефони, во 2021 г. Вардар филм исплатил вкупно 53.318 денари (од кои 27.722 денари од буџетската и 25.596 денари од сопствената сметка), додека во 2022 г. исплатил вкупно 59.720 денари (од кои 30.760 денари од буџетската и 28.960 денари од сопствената сметка). Притоа, при надзорот е утврдено дека УО на Вардар филм нема донесено соодветна одлука за правото и начинот на користење на службени мобилни телефони (со одредби за тоа кој може да користи, колкав месечен лимит и сл.) во смисол на документ за материјално-финансиско работење на Установата согласно со член 36 став (6) од Законот за културата.

Истовремено, при надзорот е утврдено дека во текот на 2021 г., од буџетската сметка на Вардар филм , во готово, по повеќе фискални сметки се исплатени 9.966 денари од коишто повеќето за гориво за приватното возило на директорот кое било користено за службени цели (затоа што Установата не располага со службено возило), а помал дел за дефектажа на 6-те камиони со коишто располага Вардар филм (сместени во касарната во Ѓорче Петров) и кои ги изнајмува на продуцентски куќи за снимање на филмови. При надзорот е утврдено дека УО на Вардар филм нема донесено соодветна одлука за правото и начинот на користење на приватно возило за службени цели (со одредби за тоа кое возило ќе се користи, патен налог или друг начин на евидентирање на поминати километри, набавено гориво и сл.) во смисол на документ за материјално-финансиско работење на Установата согласно со член 36 став (6) од Законот за културата.

Во текот на 2021 г. и 2022 г. биле склучени договори за дело со повеќе лица (за правни работи, организационо-технички работи, архивско работење, јавни набавки и сл.), при што две лица биле ангажирани со полно работно време ([redacted]-месечен хонорар од 26.665 бруто и [redacted] 23.333 бруто), додека останатите со повремено ангажирање и месечен хонорар од 5.556 денари бруто. Според изјавата на директорот [redacted] ангажирањето на надорешни соработници е неопходно, со оглед дека Варадр филм има само 4 вработени, а


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

обемот на работа постојано се зголемува во последниве години. Притоа, исплатата на хонорарите е главно од сопствените приходи на Вардар филм. При надзорот е утврдено дека за хонорари за надворешни соработници во 2021 г. од сопствената сметка на Вардар филм исплатени се 521.672 денари, додека од буџетската 197.667 денари. Во 2022 г. од сопствената сметка се исплатени 340.000 денари, а од буџетската 57.778 денари.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**1. Преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, согласно со договорите за учество во финансирање на Годишната програма за работа за 2021 и 2022 година од областа на филмската дејност, Вардар филм ги потрошил за материјални трошоци за работа на установата. Вардар филм спровел постапка за јавна набавка и избор на економски оператор, по што е извршено реновирање на простории (тоалети), а одобрените средства во износ од 233.472 денари согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа за 2022 година од областа на Инвестициското одржување и набавка на опрема, до деновите на надзорот сеуште не беа преведни од страна на МК. Притоа, согласно со Договорот со МК, 233.472 денари треба да се исплатат од буџетската сметка додека остатокот од 138.121 денар ќе биде исплатен од сопствената сметка на Установата.**

**2. При надзорот е утврдено дека од буџетската сметка на Вардар филм се исплаќани средства за мобилни службени телефони и за користење на приватното возило на директорот за службени цели (со оглед дека Установата нема службено возило), но УО на Вардар филм нема донесено соодветни одлуки за правото и начинот на користење на службени мобилни телефони, како и за правото и начинот на користење на приватно возило за службени цели, во смисол на документи за материјално-финансиско работење на Установата согласно со член 36 став (6) од Законот за културата.**

**За горе утврдената неправилност од точка 2, ќе биде преземена следната инспекциска мерка:**



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста од точка 2., односно УО на Вардар филм да донесе соодветни одлуки за правото и начинот на користење на службени мобилни телефони, како и за правото и начинот на користење на приватно возило за службени цели, во смисол на член 36 став (6) од Законот за културата.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: 04.08.2022 | __.07.2022 г. | Датум: | 26.07.2022 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk